Врз основа на член 7, алинеја 9 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник" на Република Македонија број 72/2007, 5/2009 и 43/2014), Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руалниот развој го објавува следниот

# Ј А В Е Н  П О В И К  б р . 0 4 / 2 0 1 5
**за доставување на барања за користење на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година**

## I. ПРЕДМЕТ НА ОГЛАСОТ

Предмет на овој оглас е доделување на финансиска поддршка за следните мерки:

| *Група на мерки* | *Назив на мерка* | *Максимална вредност на прифатливи трошоци (до)* |
|---|---|---|
| Мерка 321 | Подобрување на квалитетот на живот во рурални средини | до 20.000.000,00 денари |
| Мерка 322 | Обнова и развој на селата | до 20.000.000,00 денари |
| Мерка 323 | Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја | до 15.000.000,00 денари |

## II. ПРАВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА

Право на користење на средства имаат следните субјекти:

| *Субјекти* | *Мерка* |
|---|---|
| Единиците на локалната самоуправа-рурално подрачје, единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа руралната средина за која се однесува инвестицијата и Централните плански региони | 321, 322, 323 |
| Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Р.Македонија | 323 |

## III. ВИСИНА НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА

Финансиската поддршка се исплаќа по принцип на финансирање на завршени инвестиции од страна на корисникот во висина од 100% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци за инвестицијата. Средствата од финансиската поддршка по барање на корисникот може да се доделат во вид на авансна исплата во висина од 20% од вредноста на одобрените прифатливи трошоци или на две рати или согласно со фазите на реализација на инвестицијата врз основа на на времени ситуации од надзор или документација за набавка на опрема.

## IV. УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА И ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА СЕ ПОДНЕСУВА

Барањата за поодделна мерка се доставуваат во оригален примерок.

Еден барател може да поднесе најмногу 3 поединечни барања по различни мерки земајќи ги предвид сите мерки од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој 2015 година.

Условите кои треба да ги исполнуваат барателите на средства се утврдени со:

- **Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година („Службен весник на Република Македонија" бр.196/2014 и 67/2015)**

- **Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013, 106/2013, 177/2014 и 25/2015),**
- **Правилникот за поблиските дополнителни услови за поддршка од мерките за рурален развој, прифатливи трошоци и висината на поддршката за прифатливите трошоци по корисник за поединечна мерка (Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2011, 80/2013 и 72/2014),**
- **Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурелен развој (Службен весник на Република Македонија“ бр.124/2011 и 80/2013)**

Барателите кои ги исполниле условите за користење на средства за мерките 321, 322 и 323 се рангираат со бодување утврдено во Правилникот за поблиски критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој.

- **Барањата со ист број на бодови ќе се рангираат според датумот и времето на поднесување на барањето**
- **Барателите не смеат да започнат со реализација на инвестицијата пред потпишувањето на Договорот за ко-финансирање со Агенцијата.**

## V. ПОДИГНУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ И УПАТСТВА

Обрасците „Барање за финансиска поддршка” со листата на потребни документи може да се подигне на веб страната на Агенцијата www.ipardpa.gov.mk.

Горенаведените обрасци може да се подигнат и директно во Агенцијата секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот на адреса:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој,**
**Ул. 3-та Македонска бригада бр.20 ( Зграда на Македонија Табак блок Ц )**
**1000 Скопје**

## VI. НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИТЕ

Пополнетите барања за исплата на средства од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2015 година заедно со целокупната потребна документација се доставуваат на македонски јазик во затворен коверт на кој на предната страна во горниот лев агол стои ознаката “НЕ ОТВОРАЈ“, за Јавен повик број 04/2015 и назначување на шифрата на мерката за која се поднесува барањето. Барањето може да се достави по пошта или лично во писарницата на Агенцијата, во спротивно Агенцијата не превзема одговорност за ненавремено и некомплетно пристигнување во писарницата или предвремено отворање на барањето.

**Крајниот рок за доставување на барањата е 15.06.2015 година. Барањата доставени по предвидениот рок нема да бидат разгледувани.**

**Барањата доставени по предвидениот рок нема да бидат разгледувани.**

Подетални информации на контакт тел. (02) 3097-460 или на контакт е-маил адреса: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk и на веб-страната: www.ipardpa.gov.mk.

Контакт:

Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Сектор за одобрување на проекти
Телефон **02 3097 - 460**, секој работен ден од 08.30 до 16.30 часот

Е-пошта: ipardpa.info@ipardpa.gov.mk